**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 3

## ВОСКРЕСНУВАЊЕТО НА ИСУС ХРИСТОС

Кој бил Исус Христос? Пред сé, тој бил Евреин, и живеел во земјата која сега се вика Израел, која во тоа време била дел од Римското Царство. Има сведоштва од независни извори во врска со него преку записите од познатиот римски историчар Такит, кој пишувал за Христијаните; "Христус, од кого нивното име е произлезено, беше предаден во рацете на прокураторот Понтиј Пилат за време на владеењето на Тибериј." (Записи, xv.44).

### Сведоштва

Во Библијата читаме дека неговото погубување било со распнување, и дека римските војници кога го прободеле со копје било потврда дека тој всушност бил мртов (Јован 19:33,34). Двајцата жалозливи членови на Еврејскиот Совет (Санедрин), кои го носеле неговото тело до ново припремениот гроб, биле во состојба да посведочат дека тој бил мртов. Апостолот Павле пишува,

*"Затоа, тоа што јас го примив и го предавам на вас како од примарна важност: дека Христос умре за нашите гревови според Записите, дека тој беше погребан, дека тој беше кренат на третиот ден според Записите, . . ."* (1Коринтјаните 15:3-4)

Така што Библијата забележува, не само дека тој умрел и бил погребан, туку дека тој бил вратен во живот повторно. Веста за неговото воскреснување им била прво пренесена од ангелите на две жени кои дошле кај гробот рано на третиот ден. Тие им рекле,

*"Зошто го барате живиот меѓу мртвите? Тој не е овде; тој воскресна!"* (Лука 24:5-6)

Ваквата добра вест се ширела многу брзо. Жените побрзале да им кажат на учениците, кои на почетокот не можеле да поверуваат дека тоа било вистина. Потоа Исус самиот се покажал пред Марија Магдалена и Симон Петар, а потоа на двајца ученици кои оделе за Емаус, близу Ерусалим. Во Ерусалим Исус "се покажал пред овие луѓе (учениците) и дал многу убедливи докази дека бил жив" (Делата 1:3). По овие случувања, тој се покажал пред повеќе од пет стотини негови следбеници во исто време, а повеќето од нив биле живи кога Павле пишувал (1Коринтјаните 15:6).

На почеток учениците не можеле да им поверуваат на своите очи, но Исус рекол, "Погледнете во моите раце и моите стапала. Тоа сум јас лично! Допрете ме и видете; духот нема месо и коски, а како што гледате јас имам." И без никакво сомневање за да ги убеди учениците за реалноста на неговото покажување пред нив, тогаш Исус зел парче од печената риба и го јадел пред нив (Лука 24:39-42). На Томо, кој не поверувал веднаш, му било предложено да го стави својот прст на раните од рацете и телото на Исус (Јован 20:27).

Колку многу научуваме од сето ова! Исус изјавувал дека истото тело , кое било безживотно и ставено во гробот, било вратено во живот. Тој можел да биде

допрен и да бидат почувствувани месо и коски. Навистина бил Исус лично, кренат од мртвите.

## Како можеме да бидеме сигурни?

Но како можеме да бидеме сигурни дека Записите нѝја кажуваат вистината? Дали е можно учениците да ја измислиле целата приказна затоа што сакале да веруваат дека Исус се вратил назад во живот? Ако го читаме тоа што е запишано во евангелијата ќе нѝ биде прикажана слика на група од луѓе кои по смртта на нивниот Господар биле потполно без надеж. Жените очекувале да најдат безживотно тело во гробот, а тие не можеле да го разберат неговото исчезнување. Учениците не можеле да поверуваат во изјавата на ангелите дека Исус воскреснал. Не дека тие не сакале Исус да се врати во живот; за нив такво нешто изгледало потполно невозможно, и е тешко да се поверува дека тие измислиле таква приказна.

Само малку пред тоа, повеќето од нив го заборавиле Исус затоа што биле многу исплашени, и тој умрел речиси сам. А сега тие почнале да одат наоколу Ерусалим и сосема без страв да зборуваат дека тој воскреснал. Само чудото од воскреснувањето, и доказите што ги виделе, можеле да донесат (предизвикаат) ваква промена

Ние исто така можеме да бидеме сосема сигурни дека гробот всушност бил празен. Ако телото сеуште било таму, непријателите од Исус едноставно можеле да го донесат и да докажат дека учениците не ја кажувале вистината, и од истата причина можеме да бидеме сигурни дека не било однесено ни од самите Евреи.

Ако Евреите не го зеле телото, можеле ли учениците да го земат и да се преправаат дека Исус бил жив? Ова исто така е возможно.

По сето ова учениците ризикувале смрт изјавувајќи дека Исус бил жив. Можеме ли да веруваме дека тие ги ризикувале своите животи за нешто за кое тие знеле дека не е вистина? Другото единствено објаснување за празниот гроб е тоа кое го наоѓаме во Библијата - дека се случило воскреснување кое било рамно на чудо.

## Исус сега

Каде е Исус сега? Во првата глава во Делата читаме дека по период од неколку недели, за време на кое тој зборувал со своите ученици и ја зајакнал нивната вера, тој бил однесен во небесата (Делата 1:9). Нѝ се кажува дека тој е сега жив засекогаш и дека тој е нашиот Свештеник од Висок Ред од десната страна на Бог, така што ние можеме да му се молиме на Бог со доверба преку него.

*"Тој беше распнат во слабост, сепак живее со помош на моќта од Бог.."* (2 Коринтјаните 13:4)

*"Бидејќи Исус живее засекогаш, на него му е дадено да биде свештеник кој нема да биде сменет. Затоа тој може да ги спаси комплетно оние кои преку него доаѓаат кај Бог, бидејќи тој живее за да посредува за нив."* (Евреите 7:24,25)

*"Но откако овој свештеник понудил жртва за сите времиња, седнал од десната страна на Бог."* (Евреите 10:12)

## Неговото враќање

Иако Исус е сега во небесата, тој нема да остане таму засекогаш. Кога ги оставил учениците на Маслиновата Планина близу до Ерусалим и бил однесен горе во небесата, двајца ангели се покажале пред учениците и рекле,

*Луѓе од Галилеја, зошто стоите овде и гледате во небото? Овој истиот Исус кој беше земен од вас и однесен во небесата, ќе се врати назад на истиот начин на кој што го видовте да замине во небесата."* (Делата 1:11)

Исус ќе се врати на земјава, на истата Маслинова планина (погледнете во Захарија 14:4). Истиот Исус, кого неговите ученици можеле да го допрат и да комуницираат со него, чие тело било составено од месо и коски, ќе дојде повторно. Целиот свет ќе биде присилен да ја прифати вистината за неговото воскреснување, доказот дека тој навистина е Синот од Бог.

Тие кои сега го следат него и се стремат да им бидат послушни на неговите заповеди ќе земат учество во таа победа над смртта што ја постигнал со неговата перфектна послушност и неговото воскреснување. Наредната лекција ќе каже повеќе за враќањето на Христос на земјава.

## Заклучок

Исус умрел и бил погребан, но бил вратен во живот со моќта од Бог. Има докази во изобилие за неговото воскреснување. Тоа бил вистинскиот Исус кој се покажал пред учениците. Тој сега живее засекогаш, и ќе се врати од небеста да ги крене мртвите.

## Прашања

За да имате корист од ова проучување, ве молиме да ја прочитате лекцијата внимателно, повеќе од еднаш, и потоа пробајте да ги одговорите следниве прашања со свои зборови. Испратете му ги одговорите на вашиот тутор.

3.1 Откако Лазар умрел, каква надеж за иден живот Исус  им понудил на Марта и Марија (погледнете во Јован глава 11)? Во што верувала Марта лично?

3.2 Што ни̍ се кажува за воскреснатото тело од Исус?

*Ве молиме да побарате помош во случај нешто да не ви е јасно.*